Република Северна Македонија
Совет на Општина Велес
Број 25-2203/1
16.06.2020 година
Велес

Врз основа на член 39, став 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 18, став 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18 и 06/19), донесувам

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за свикување на 58- та седница на**
**Советот на Општина Велес**

Седницата ќе се одржи на ден 23.06.2020 година (вторник) во просториите на Општина Велес со почеток во 12:00 часот.

Одржувањето на оваа седница со членовите на Советот ќе биде преку конференциска врска со употреба на интернет комуникацијата со софтверска алатка преку Cisco WebExMeeting, согласно Уредбата за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за локалната самоуправа.

Усвојување на Записник од 57-та седница на Советот на Општина Велес

За седницата го предлагам следниот

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Советнички прашања.
2. Предлог-одлука за определување опфат на постојните улици во населено место Отовица.
3. Предлог-Декларација за прогласување на денот недела и деновите на државни и други празници за неработни денови.
4. Предлог-измени на Годишниот план за вработување на Општина Велес.
5. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2020 година.
6. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2020 година**.**
7. Годишен извештај за работата на Центарот за развој на Вардарски плански регион за 2019 година.
8. Годишен извештај за спроведување на програмата на Центарот за развој на Вардарски плански регион за 2019 година.
9. Предлог-решение за распределба на финансиски средства за поддршка на квалитетен спорт во Општина Велес за 2019 година.
10. Информација за претходно водената планска и тендерска постапка за објект Градски пазар.

**Напомена:** Материјалот по точките 9 и 10 ќе Ви биде дополнително доставен.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Ненад Коциќ с.р.